Архивски број: 08-551/2
___________ година

Постапувајќи по претставка бр. 08–551/1 од 12.9.2023 година, поднесена од [redacted] од Струмица, со адреса на живеење на [redacted] во Струмица, за извршена дискриминација врз основа на пол, род и религија или верско уверување во областа на јавното информирање и медиумите од страна на [redacted] – Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–551/1 од 12.9.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Струмица**, ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 12.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Струмица против [redacted] – Скопје, за извршена дискриминација врз основа на пол, род и религија или верско уверување во областа на јавното информирање и медиумите.

Во претставката се наведува дека на 08.03.2023 година активистка и вработена во [redacted] – маршират со транспарент на кој со големи букви било напишано - "Црквата да одјебе". Според подносителката со содржината на овој транспарент се поттикнала верска омраза и насилство врз огромна група граѓани со христијанска вероисповед, дискриминација и вознемирување врз основа на религија и верско уверување, повреда на личен и општествен статус, социјален и општествен углед, чест и интегритет. За подносителката транспарентот е силно навредлив, понижувачки, вознемирувачки и исмејувачки кон верниците и го повредува достоинството на христијаните.

Во претставката се истакнува дека [redacted], како дел од организаторите на тој настан не го осудил овој транспарент, ниту се оградил од пораката, ниту од тогаш вработената [redacted] која го носела транспарентот.

По разгледувањето на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека адресираниот проблем не спаѓа во законските надлежности предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што содржината наведена во претставката се однесува на навреда, па следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ѝ укажува на подносителката на можноста да побара судска заштита за граѓанска одговорност за штета нанесена на честа и угледот со навреда и клевета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Дополнително, во однос на перцепцијата дека со транспарентот се поттикнува омраза, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ѝ укажува на подносителката за можноста за поднесување на кривична пријава пред надлежен обвинител за кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, верска и друга дискриминаторска основа" од член 319 од Кривичниот законик.

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и ја отфрли претставката заради ненадлежност.

Скопје
6.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]